**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12-02-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1125 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Програмскиот надзор се врши како:** <u>**вонреден**</u>

2. **Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип – аналоген пакет

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10.02.2015 година.

4. **Предмет на надзорот:**

- Член 141 став 13 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6.**Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип - аналоген пакет е констатирано прекршување на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. **Опис на прекршувањето:**

Овој оператор на подрачјето на Скопје, во рамките на аналогниот пакет, реемитува вкупно 60 програмски сервиси, од кои 1 програмски сервис не е опфатен со потврдите за регистрација на аналоген пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги. Програмскиот сервис, кој овој оператор го реемитува, а не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги е E! Entertainment .

**8. Предлог мерка:**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот на јавна комуникациска мрежа), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**